ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 10 ДАТА 17.03.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 10 ДАТА 17.03.2017 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФФМ
- ПРИЈАВА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ
- ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА КЛУБОВИТЕ НА МФЛ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО

**Седница од 16.03.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ВАРДАР„ Неготино: Јефтимов Љ. Александар од ФК „Слога 1934„ од Виница, по член 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 15.03.2017 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар, фудбалерот Беќири З. Бленд од ФК „Слога„ с. Здуње, со Ид Бр. 123135, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 17.03.2017 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје, фудбалерите: Бакиу Б. Рефик од Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, Мицковски И. Димитри, Ристовски Д. Филип, Јаневски З. Александар, Петковски И. Јовица, Анакиев С. Мартин, Терзиев А. Филип, Мишевски Б. Кирил, Аврамовски З. Бојан, Савески Љ. Александар, Боневски Ј. Славчо, Трајковски Т. Петар, Младеновски Љ. Давид, Петрушевкси Т. Христијан од Фудбалскиот клуб „Сарај„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 17.03.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СЛАВИЈА ПРЖИНО„ Скопје: Ангеловски Драган, по член 35/1.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/2
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109, а вв со член 111 став 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Комитетот за итност на ФФМ и тоа:

- Заклучок донесен на седницата одржана на ден 21.02.2017 година:
    - Заклучок со деловоден број 0202-343/2
- Одлука донесена на седницата одржана на ден 13.03.2017 година:
    - Одлука со деловоден број 0202-499/2

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година ги разгледа одлуките донесени од Комитетот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/3
14.03 2017 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109, 114 и 115 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за формирање и состав на постојаните комисии и одбори на УО на ФФМ**

1. Се утврдува составот на постојани комисии на УО на ФФМ:

**1.1. Комисија за натпревари;**
Претседавач на Комисијата за натпревари по функција.
Покрај претседавачот по функција, Комисијата за натпревари е составена од шест члена од кои, еден заменик претседавач и пет члена.
**1.2. Младинска комисија;**
Претседавач на Младинска комисија по функција.
Покрај претседавачот по функција, младинската комисија е составена од шест члена од кои, еден заменик претседавач и пет члена.
**1.3.Комисија за женски фудбал;**
Претседавач на Комисија за женски фудбал по функција.
Покрај претседавачот по функција, Комисија за женски фудбал е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.4.Комисија за футсал;**
Претседавач на Комисија за футсал по функција.
Покрај претседавачот по функција, Комисија за футсал е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.5.Комисија за базичен фудбал;**
Претседавач на Комисија за базичен фудбал по функција.
Покрај претседавачот по функција, Комисија за базичен фудбал е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.6. Комисија за статус на фудбалери;**
Претседавач на Комисија за статус на фудбалери по функција.
Покрај претседавачот по функција, Комисија за статус на фудбалери е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.7. Комисија за верификација на договори и регистрација;**
Претседавач на Комисија за верификација на договори и регистрација, по функција.
Покрај претседавачот по функција, Комисија за верификација на договори и регистрација е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.8.Правна комисија;**
Претседавач на Правна комисија, по функција.
Покрај претседавачот по функција, правната комисија е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.9. Финансова комисија;**
Претседавач на Финаснова комисија, по функција.
Покрај претседавачот по функција, финансовата комисија е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.
**1.10. Комисија за меѓународни активности;**
Претседавач на Комисија за меѓународни активности, по функција.

Покрај претседавачот по функција, финансовата комисија е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.

**1.11. Комисија за безбедност;**

Претседавач на Комисија за безбедност, по функција.

Покрај претседавачот по функција, комисијата за безбедност е составена од шест члена од кои, еден заменик претседавач и пет члена.

**1.12.Комисија за инфраструктура;**

Претседавач на Комисија за инфраструктура, по функција.

Покрај претседавачот по функција, комисијата за инфраструктура е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.

**1.13.Комисија за фер плеј;**

Претседавач на Комисија за фер плеј, по функција.

Покрај претседавачот по функција, комисијата за фер плеј е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.

**1.14.Комисија за медицина и анти-допинг;**

Комисијата за медицина и анти допинг е составна од вкупно пет члена, од кои еден претседавач, еден заменик претседавач и три члена.

**1.15. Комисија за општествена одговорност;**

Претседавач на Комисија за општествена одговорност, по функција.

Покрај претседавачот по функција, комисијата за општествена одговорност е составена од пет члена од кои, еден заменик претседавач и четири члена.

**1.16.Комисија за медиуми и маркетинг**

Комисијата за медиуми и маркетинг е составена од вкупно пет члена, од кои еден претседавач, еден заменик претседавач и три члена.

**2. Се формираат следните постојани одбори на УО на ФФМ:**

**2.1. Одбор на судии**

Одборот на судии е составен од вкупно пет члена, од кои еден претседавач, еден заменик претседавач и три члена.

Како помошници на одборот на судии ќе бидат назначени шест лица како стручни соработници.

**2.2. Одбор на тренери**

Одборот на судии е составен од вкупно пет члена, од кои еден претседавач, еден заменик претседавач и три члена.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**4.** Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ги формираше и го утврди составот на постојаните комисии и одбори, како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/3-1
14.03 2017 год.

Претседател на ФФМ

Врз основа на член 92 од Статутот на ФФМ, Претседателот на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата на Управниот одбор на ФФМ одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За назначување на Претседавачи на постојаните комисии на ФФМ од редот на членови на Управниот одбор на ФФМ**

1. Се назначува Димитар Џонов за функцијата Претседавач на комисија за натпревари.
2. Се назначува Арџент Бекири за функцијата Претседавач на младинска комисија.
3. Се назначува Светозар Станковски за функцијата Претседавач на комисија за женски фудбал.
4. Се назначува Добре Иванов за функцијата Претседавач на Комисија футсал.
5. Се назначува Марјанчо Стојкоски за функцијата Претседавач на Комисија за базичен фудбал.
6. Се назначува Лазар Ракиџиев за функцијата Претседавач на Комисија за статус на фудбалери.
7. Се назначува Тони Ивановски за функцијата Претседавач на комисија за верификација на договори и регистрација.
8. Се назначува Дејан Димовски за функцијата Претседавач на финансова комисија.
9. Се назначува Саљим Абдили за функцијата Претседавач на комисија за меѓународни активности.
10. Се назначува Борче Лазаревски за функцијата Претседавач на Комисија за безбедност.
11. Се назначува Горан Гаврилов за функцијата Претседавач на Комисија за инфраструктура.
12. Се назначува Џеват Дибрани за функцијата Претседавач на Комисија за фер плеј.
13. Се назначува Златко Талевски за функцијата Претседавач на Комисија за општествена одговорност.
14. Претседавач на Правната комисија ќе биде дополнително назначен.
15. Мандатот на назначените Претседавачи на постојаните комисии трае 4 години, од 2017 – 2021 година.
16. Одлуката стапува на сила веднаш, истата ќе се објави во Макфудал

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ, Претседателот на ФФМ ги назначи претседавачите на постојаните комисии на ФФМ, од редот на членовите на Управниот одбор на ФФМ.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/3-1

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/4
14.03 2017 год.

Врз основа на член 116 од Статутот на ФФМ Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се усвојува Деловникот за работа на одборот на клубови од Прва МФЛ.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Деловникот за работа на одборот на клубови од Прва МФЛ да се објават во службен лист на ФФМ - Макфудбал

**Образложение**

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година, го усвои деловникот за работа на одборот на клубови од Прва МФЛ.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/4

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/5
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 11 и член 135 од Статутот на ФФМ а во врска со одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за назначување на членови на Дисциплинска комисија на ФФМ**

**1**. За членови на **Дисциплинската комисија на ФФМ** се назначуваат:

1.1. Арбен Борова - претседавач

1.2. Мартин Саздов- заменик претседавач

1.3. Дејан Бошков - член

1.4.Сашка Зердеска - член

1.5.Кармен Цилакова - член

**2 .** Мандатот на членовите на Дисциплинската комисија на ФФМ од точка 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ и одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година со која се овластува Управниот одбор да превземе активности за спроведување на одредбите на Статутот и назначи членови на правните органи и Комисијата за избори и верификување, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година земајќи ги во предвид и предлозите на членките, ги назначи членовите на телата како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/5

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/6
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 11 и член 141 од Статутот на ФФМ а во врска со одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за назначување на членови на Комисијата за жалби на ФФМ

**1**. За членови на **Комисијата за жалби на ФФМ** се назначуваат:

1.1. Дејан Николоски- претседавач

1.2. Димитар Трајчевски- заменик претседавач

1.3. Симона Костадинова - член

1.4.Сандра Михајловски- член

1.5.Сабри Алими - член

**2 .** Мандатот на членовите на Комисијата за жалби на ФФМ од точка 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

## Образложение

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ и одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година со која се овластува Управниот одбор да превземе активности за спроведување на одредбите на Статутот и назначи членови на правните органи и Комисијата за избори и верификување, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година земајќи ги во предвид и предлозите на членките, ги назначи членовите на телата како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/6

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/7
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 11 и член 122 од Статутот на ФФМ а во врска со одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

### за назначување на членови на Комисијата за лиценцирање на ФФМ

1. За членови на **Комисијата за лиценцирање на ФФМ** се назначуваат:

1.1. Александар Најдовски- претседавач

1.2. Кирили Естатиев- заменик претседавач

1.3. Раде Трајковски - член

1.4.Јане Божинов- член

1.5.Фатон Алили - член

**2 .** Мандатот на членовите на Комисијата за лиценцирање на ФФМ од точка 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ и одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година со која се овластува Управниот одбор да превземе активности за спроведување на одредбите на Статутот , Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година земајќи ги во предвид и предлозите на членките, ги назначи членовите на телата како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/7

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/9
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 11 и член 86 од Статутот на ФФМ а во врска со одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за назначување на членови на Комисијата за избори и верификација на ФФМ

**1**. За членови на **Комисијата за избори и верификација на ФФМ** се назначуваат:

1.1. Владимир Гашевски - претседавач

1.2. Бурим Сејдини- заменик претседавач

1.3. Горанчо Костовски - член

1.4. Горан Киркински- член

1.5. Борче Размоски- член

**2 .** Мандатот на членовите на Комисијата за избори и верификација на ФФМ од точка 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

## Образложение

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ и одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година со која се овластува Управниот одбор да превземе активности за спроведување на одредбите на Статутот , Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година земајќи ги во предвид и предлозите на членките, ги назначи членовите на телата како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/9

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/10
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 11 и член 138 од Статутот на ФФМ а во врска со одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

### за назначување на членови на Етичкиот одбор на ФФМ

**1**. За членови на **Етичкиот одбор на ФФМ** се назначуваат:

1.1. Звонко Ристески - претседавач

1.2. Билјана Николова - член

1.3. Дејан Митевски- член

**2.** Заменик претседавач и член на Етичкиот одбор ќе бидат дополнително назначени.

**3 .** Мандатот на членовите на Етичкиот одбор на ФФМ од точка 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години.

**4.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**5**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ и одлуката на Генералното собрание бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година со која се овластува Управниот одбор да превземе активности за спроведување на одредбите на Статутот , Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.03.2017 година земајќи ги во предвид и предлозите на членките, ги назначи членовите на телата како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/10

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/12
14.03 2017 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 и член 116 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За формирање на Одбор на клубови од Прва МФЛ

**1.** Се формира Одбор на клубови од Прва МФЛ.

**2.** Се утврдуваат претставниците на клубовите од Прва МФЛ во Одборот на клубови од Прва МФЛ и тоа:

| | |
|---|---|
| ФК Брегалница 2008 АД | Ангел Бојаџиев од Штип |
| ФК Вардар АД | Мирко Спасески од Скопје |
| ФК Македонија ЃП 1932 АД | Мирослав Радичевски од Скопје |
| ФК Пелистер АД | Благоја Кочевски од Битола |
| ФК Работнички АД | Ненад Монев од Скопје |
| ФК Ренова АД | Искендер Јонузи од Тетово |
| ФК Силекс АД | Горан Глигоров од Кратово |
| ФК Шкендија АД | Дритан Муслиу од Тетово |

**3.** Претставници на ФК Победа АД од Прилеп и ФК Шкупи АД од Скопје во одборот на клубови од Прва МФЛ, ќе бидат дополнително утврдени

**4 .** Мандатот на членовите на Одборот на клубови од Прва МФЛ, трае до крај на натпреварувачка сезона 2016/2017 година.

**5.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**6**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите на Статутот на ФФМ Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 14.03.2017 година донесе одлука со која го формираше Одборот на прволигаши, по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/12

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/19
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се врши промена во текстот на обрезецот - Пријавата за регистрација на фудбалери.
2. Одлуката и образецот – Пријава за регистрација на фудбалери кој претставува составен дел на оваа одлка да се објават во службениот лист – Макфудбал.
3. Одлуката стапува на сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот одбор на седницата одржана на 14.03.2017 година, го разгледа предлогот за имена на Пријавата за регистрација на фудбалери на начин што во образецот се додава уште една графа, во која фудбалерот при потпишување на пријавата ќе има можност да обележи дека се согласува да му пристигнуваат новости и информации од ФФМ, на неговата емаил адреса.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/19

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/20
14.03 2017 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 14.03.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначуваат Милан Илиевски и Висар Ганиу за членови на стручен штаб на А националниот тим.
2. Одлуакта стапува на сила веднаш, истата да се објави во службениот лист-Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на седницата одржана на 14.03.2017 година, имајки го во предвид изборот на Аргент Бекири за член на Управниот одбор, и неговото повлекување од работата во стручниот штаб на А националниот тим на Македонија, го разгледа предлогот на Селекторот Игор Ангеловски за назначување на Милан Илиевски и Висар Ганиу за членови на стручниот штаб, како и мислењето на Тренерската комисија, по што одлучи како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-502/20

Фотографија

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

| Матичен број - ЕМБГ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| ИД Комет број на фудбалерот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|

# ПРИЈАВА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

| Презиме | Татково име | Име |
|---|---|---|
| | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на раѓање** | | | | |
| **Место на раѓање и држава** | | | | |
| **Државјанство** | | | | |
| **Досегашен клуб** | ИД Комет клуб | Име на клубот | Место | |
| | | | | |
| **Датум на последен настап во досегашен клуб** | | | | |
| **Клуб за кој се регистрира** | ИД Комет клуб | Име на клубот | Место | |
| | | | | |

Доколку сте согласни да добивате информации и новости од страна на ФФМ ве молам подоле внесете ваша емаил адреса и обележете го квадратчето со x.
Се согласувам да добивам информации и новости од ФФМ на следната е-меил адреса:
_______________________________

☐ Запознаен/а сум со одредбите на Законот за заштита на лични податоци за моите права како субјект на лични податоци и согласен/на сум со цел остварување на моите интереси согласно актите на ФФМ како и законските обврски на ФФМ податоците од овој формулар/ фотографија, односно фотографија од настани или натпревари организирани од ФФМ/ да можат да се обработуваат и архивираат во рамките на ОФС и ФФМ се до моето изречно писмено барање за повлекување на оваа согласност.

| Секретар на клубот |
|---|
| |

**М.П.**
(на клубот за кој се регистрира)

| Фудбалер |
|---|
| |
| **Родител – Старател** |
| |

**Напомена:**
Родител – Старател потпишува кога фудбалерот е помал од 18 години.

| **Општински фудбалски сојуз :** | |
|---|---|

| **Член по кој се регистрира** | | **Од Правилникот за регистрација,статус и трансфер на фудбалери на ФФМ** |
|---|---|---|

| **Право на настап** | | |
|---|---|---|
| на пријателски натпревари | | на првенствени натпревари |
| | | |

| **Во :** | **Комисија за регистрација на ОФС** |
|---|---|
| | |
| | (потпис) |

М.П.
(на ОФС)

Управен одбор на ФФМ

# Д Е Л О В Н И К

**за работа на Одборот на клубови од Прва МФЛ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-502/4
14.03.2017 год.

Управен одбор на ФФМ

Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата, одржана на ден 14.03.2017 година, согласно член 109 и 116 с.2 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија, го донесе следниот:

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Одборот на клубови од Прва МФЛ

### Член 1
Со овој Деловник за работа на Одборот на клубови од Прва МФЛ (во понатамошниот текст Одборот) се уредува организацијата, составот, изборот на претседавач, надлежностите и начинот на работа и одлучување.

### Член 2
Одборот се организира согласно правилата и начелата утврдени во Статутот на ФФМ.

### Член 3
Одборот е составен од претставници на сите клубови кои во тековната натпреварувачка година се стекнале со право и се натпреваруваат во Прва МФЛ.

### Член 4
Представниците во Одборот ги бира надлежно тело на клубот, со одлука донесена на седница на телото, пред почеток на натпреварувачката година.

Надлежното тело на клубот може да се произнесе и со предлог за првиот претседавач на конститутивната седница на Одборот.

Доколку со актите на клубот не е определено, за надлежно тело се смета Извршниот орган на клубот.

### Член 5
Избраните представници имаат мандат 1(една) натпреварувачка година со можност за реизбор.

### Член 6
Клубовите во текот на натпреварувачката година можат да донесат одлука со која ќе го заменат представникот во Одборот.

Заменетиот представник го довршува мандатот на претходно избраниот представник.

Клубот може да направи една измена во текот на натпреварувачката година.

**Член 7**

Одлуките со кои е направен избор на представник, клубот ги доставува до Генералниот секретар на ФФМ, кој ја свикува конститутивната седница на Одборот за тековната сезона.

**Член 8**

Генералниот секретар од редот на вработените во Генералниот секретаријат на ФФМ, определува лице кое ќе ги администрира активностите на Одборот.

**Член 9**

Конститутивната седница на Одборот ја отвара Претседателот на ФФМ , ако не е применливо, Генералниот секретар.

**Член 10**

Администраторот на Одборот, на конститутивната седница го објавува списокот на представниците на клубовите , со што се врши верификување на мандатите на членовите на Одборот.

По утврдување на составот на Одборот , од редот на членовите , членовите бираат претседавач и доколку е применливо заменик претседавач на Одборот.

Изборот за претседавач може да се направи со гласање по доставени предлози и/или по предлози дадени на самата седница.

**Член 11**

Членовите на Одборот на конститутивната седница можат да го определат начинот на претседавање и мандатот на претседавачот и заменикот претседавач , и тоа:

- преку произнесување за ротирачко претседавање ( секоја седница - различен член, по азбучен ред на клубот кој го представуваат);

- преку произнесување за претседавање со определен мандат во траење од една натпреварувачка полусезона со можност за реизбор;

- преку произнесување за претседавање со определен мандат во траење од цела натпреварувачка сезона со можност за реизбор;.

**Член 12**

Одборот работи по утврден дневен ред ,на седници кои ги свикува претседавачот на Одборот.

Дневниот ред го составува претседавачот и истиот се доставува електронски до членовите и/или на официјалната е- маил адреса на клубот.

Дневниот ред се усвојува на седницата и истиот може да се дополни и/или измени од членовите на самата седница.

**Член 13**

За редот на седницата се грижи претседавачот на Одборот.

Претседавачот може да му го одземе зборот на учесник во расправата, доколку претходно бил опоменат дека со својот настап не се придржува на дневниот ред или со својот говор и однесување го навредува достоинството на другите членови на Одоборот , членови на други органи и тела на ФФМ.

Претседавачот може да одлучи да ја прекине седницата доколку не постојат услови за продолжување на истата.

**Член 14**

За седниците на Одборот се составува записник кој го изготвува администраторот.

Записникот задолжително содржи: евиденција за присутни и отсутни, податоци за претседавање со седницата, дневен ред, предлози, одлучување со образложение, начин на носење одлуки и други писмена.

Записникот се усвојува на наредната седница на Одборот.

Записникот го потпишува претседавачот на Одборот и администаторот во својство на записничар.

**Член 15**

Одборот заседава доколку се присутни повеќе од половината од членовите на Одборот.

**Член 16**

Претседавачот отвора расправа, ја заклучува расправата и ги става предлозите на усвојување.

Одборот полноважно одлучува доколку за предлогот, одлуката или друго , се изјасниле повеќе од половината од присутните членови.

Гласањето е јавно , со кревање рака за произнесување:

- за;
- против;
- воздржан.

**Член 17**

Одборот има надлежност да:

- одлучува за избор на претседавач и заменик претседавач;

- избира работни тела;

- врши анализа и дава мислење за одиграни натпревари од Прва МФЛ до надлежни органи и тела на ФФМ;

- дава предлози за решавање на прашања кои произлегуваат од натпреварувањето

- дава предлози со цел подобрување на социјалниот дијалог со фудбалерите;

- дава предлози со цел подобрување на социјалниот дијалог со тренерите;

- дава предлози за унапредување на организацијата на натпреварите, судењето и фудбалската игра;

- бара информации поврзани со анализа на судење;

- предлага измени и дополнувања на Пропозиции за натпреварување;

- постапува по барања на органи и тела на ФФМ;

Одборот, при спроведување на активностите од својата надлежност мора да ги почитува актите на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

**Член 18**

Овој Деловник стапува на сила по усвојување од страна на Управниот одбор на ФФМ.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

**МАКФУДБАЛ**

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**